Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
УП1.Бр. 11-1408
13.05.2020 година
С к о п ј е

Врз основа на барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Државен завод за ревизија, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), министерот за правда донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Донација во финансиски средства во износ од 100.000,00 денари на Министерство за здравство дадена од Државен завод за ревизија, СЕ ПОТВРДУВА како донација од јавен интерес во областа на здравствената заштита.

## О б р а з л о ж е н и е

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Министерство за здравство дадена од Државен завод за ревизија.

Кон барањето е приложен Договорот за донација склучен помеѓу Државен завод за ревизија, претставувано од Главен државен ревизор Максим Ацевски, како давател и Министерство за здравство, претставувано од министерот доц.д-р Венко Филипче, како примател, чиј предмет на донација се финансиски средства во вредност од 100.000,00 денари, наменети за набавка на стоки и услуги потребни за заштита на населението на Република Северна Македонија од Ковид 19.

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој „Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството“, како и членот 11 став 2 од законот според кој „Донацијата се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми“.

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган – Министерството за здравство како основа за решавање по барањето.

Министерството за здравство со мислење број 15-3316/2 од 08.05.2020 година го потврди јавниот интерес на донацијата.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,**
**д-р Рената Дескоска**

Подготвил: Никола Бабановски, советник